Врз основа на член 8 став (1) точка 1) од Законот за ревизија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), Советот за унапредување и надзор на ревизијата Република Северна Македонија на седницата одржана на 31.05.2022 година донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
## на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2022 година

## *1.Вовед*

I. Годишната програма за работа на Советот за 2022 година (во понатамошниот текст: Програмата за работа) содржи програмски активности за операционализација и конкретизација на стратешките цели утврдени со:
Стратешкиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (СУНРРСМ) за периодот 2020-2022 година, со јасно дефинирани цели за начинот на развој на ревизорскиот систем во Република Северна Македонија, а се темели на веќе определените обврски кои што произлегуваат од Новиот предлог Закон за ревизија кој е потребно да биде усогласен со Директивата (2014/56/ЕУ) и Регулативата на ЕУ (Бр. 537/2014) за ревизија, а чие усвојување се очекува во текот на 2022 година.

II. Програмата за работа која има за цел да обезбеди реализирање на целите утврдени во Стратешкиот план, со зајакнување на кадровскиот и техничкиот капацитет на стручната служба на Советот во 2022 година со расположивиот Буџет на Советот преку:

- Нови вработувања во стручната служба на Советот
- Обезбедувањето на новите работни простории кои се во моментот несоодветни
- Подобрување на квалитетот на работењето, како и постигнување на подобри резултати од преземените мерки и активности со поставување на соодветна организациска и систематизациска поставеност.

III. Исто така, со активно партиципирање во скрининг процесот во **Поглавје 6 – Право на трговски друштва** како и во делот од Работната група за Реформа во јавна администрација и Јавните финансии, ќе се обезбеди и зајакнување на кадровските, материјалните и техничките капацитети на стручната служба на Советот.

IV. **Квалитетот и веродостојноста на ревизорските извештаи** се еден од клучните фактори за функционирањето на финансискиот систем во

државата и за истото интерес имаат повеќе засегнати страни: потенцијални инвеститори во економијата, доверители, државни агенции и институции итн. и истите се дел од програмата за работа кои произлегуваат од редовните работни процеси на Советот,

V. Оперативните активности кои произлегуваат од предлогот на новиот Закон за ревизија со кој ќе се изврши усогласување со Директивата (2014/56/ЕУ) и Регулативата на ЕУ (Бр. 537/2014) за ревизија и **квалитетна хармонизација на ЕУ законодавството со домашното законодавство**.

VI. Главната цел е, Советот да биде институција **со силни технички и кадровски капацитети** која што во соработка со другите институции и Владата ќе даде **силен придонес за подобрување на бизнис климата во државата**.

VII. Годишната програма за работа на Советот за 2022 година содржи активности утврдени во Стратешкиот план на Советот за 2020-2022 година и оперативни активности кои произлегуваат од законските обврски на Советот **поврзани со работата на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија** (во понатамошниот текст: Институтот)

## 2. *Мисија на Советот*

**Мисијата на Советот** е утврдена преку вршење независен јавен надзор на ревизијата, работење во насока на нејзино унапредување, поттикнување и придржување кон високи професионални стандарди преку стручни анализи, препораки и советувања во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Законот за ревизија усогласен со Европската директива и регулатива.

## 3. *Визија на Советот*

**Визијата** на Советот е **развиен систем за ревизија** и негова регулација со силни капацитети, а со цел давање значаен **придонес во заштитата на јавниот интерес** и овозможување зголемена доверба и транспарентноста на податоците во годишните сметки и финансиските извештаи на трговските друштва и останатите правни лица кои ги подведуваат финансиските известувања на ревизија.

Согласно **Визијата**, Советот е препознаен како **независно, стручно и транспарентно регулаторно тело** кое со своето работење ја унапредува и развива ревизијата и кое ги **намалува потенцијалните ризици** со кои влијае кон подобрување на **целокупната деловна клима** во Република Северна Македонија.

## 4. *Цели и задачи на Советот*

Во насока на спроведување на надлежностите на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, а во согласност со одредбите што се очекуваат во новиот Закон за ревизија во 2022 година, приоритет се дава на:

- **обезбедување на нови просторни капацитети, кои се предуслов за зајакнување на кадровски и технички капацитети на Институцијата** со цел за унапредување и развој на институционалните капацитети на стручната служба на советот, како и воспоставување на
- **нова организациска и систематизациска поставеност на работење во организационите единици на истата**.
- Посебен акцент ќе биде ставен на активното партиципирање на Советот при изработка на **подзаконски акти** кои произлегуваат од новиот Закон за ревизија, градењето на капацитети за вршењето контрола и надзор од страна на вработените во Стручната служба на Советот;
- **креирањето на база на податоци на регистрите пропишани и предвидени во Директивата и Регулативата за ревизија на ЕУ**,
- вршењето **мониторинг на пазарот на ревизорски услуги** во врска со законската ревизија.

Согласно Стратешкиот план на Советот во 2022 година **потребно е да се зајакнат кадровските капацитети со нови вработувања** и вештини на вработените во Стручната служба, за која цел Советот ќе преземе конкретни мерки во текот на годината а согласно на Буџетот за 2022 година.

**Потребно е обезбедување на минимални предуслови за преземање на делот од контролата на квалитетот и надзорот**, кои согласно новото законско решение треба да преминат во надлежност на Советот, како и заради зајакнување на капацитетите на стручната служба во Советот, предвидени се **нови вработувања, меѓу кои и овластен ревизор, како и лице задолжено за ИКТ,** а согласно на Буџетот за 2022 година.

**Зајакнување на професионалната компетентност на вработените**, е активност, која, во периодот на спроведување на стратешкиот план ќе се стави акцент врз индивидуално планирање на потребите за обуки, засновано на анализа на потребите за обуки. Вработените во стручната служба ќе бидат охрабрени за добивање на знаење, стручни сертификати во области поврзани со ревизија и сметководство, како и другите сегменти на работа на Советот, кои се пред се дел од нивните работни задачи.

**Зајакнување на техничките капацитети на Советот** ќе се изврши преку аплицирање за проекти од Програма на ЕУ - ИПА 3 за претпристапна помош, а со цел:

- Воведување на современи информатички технологии за анализа на податоците
- Креирање на интегрирана база на податоци на субјекти кои се предмет на ревизија согласно Закон за трговски друштва;
- Креирање интегрирана база на податоци за активности на овластени ревизори кои вршат ревизорски ангажмани на правни лица од јавен интерес;
- Поврзување со делови на бази на податоци кои што ги управуваат други јавни институции
- Обезбедување транспарентност во вршењето на активноста преку одржување на достапна, корисна и ажурирана официјална веб - страница на Советот.

Со градењето софтверски решенија ќе се **обезбеди подобрување на бизнис климата во државата од аспект на привлекување на странски инвестиции, низ релевантни показатели на состојбите во компаниите.**

Под останати оперативни активности, се предвидуваат и следни активности:

***Кампања за мотивација на младите*** – за да изберат професија - ревизија од причини што се пројавува недостаток на нови кадри на пазарот, приливот на нови кадри е многу мал, а и заинтересираноста кај младите е многу помала во однос на другите професии. Едновремено, се укажува дека голем број на овластени ревизори заминуваат во приватниот сектор и не вршат комерцијална ревизија и пазарот се соочува со огромен недостаток на професионални кадри во ова специфична област.

***Кампања за намалување на сивата економија -*** Активен придонес во намалување на сивата економија во државата со зајакнување на квалитетот на ревизорските извештаи преку превземање на контролата од страна на регулаторот со што се придонесува во делот на зајакнување на фискалната дисциплина и намалување на делот од сивата економија, пред се, кај ониe 1.300 компании кои се предмет на законска ревизија како и кај останатите правни субјекти.

Како една од круцијалните активности на Советот во 2022 година се планира и ***Изработка на методологија за вршење на контроли на ревизорски друштва*** согласно Законот за ревизија и меѓународните ревизорски стандарди а базирана врз база на индикатори на ризици и останати ризици. Наведената Методологија претставува еден вид на изработка на база на податоци на која што ќе се врши изборот на субјекти т.е. ревизорски друштва кои би биле предмет на контрола.

Советот планира активно учество во подобрување на образовниот процес во делот на ревизијата преку меѓународни програми.

**Истовремено се планира и потпишување на Меморандуми за соработка со регулаторни тела за ревизија кои би ни помогнале со својот придонес да станеме полноправна членка во ИФИАР (Меѓународен форум на независни регулатори за ревизија).**

## 5. Активности поврзани за подобрување на регулацијата на пазарот за ревизија.

Изготвување на предлог Стратегија за подобрување на климата на пазарот на ревизијата преку користење на меѓународни програми кои ќе допринесат за зајканување на квалитетот на пазарот на ревизија.

## 6. Меѓуинституционална соработка

Советот планира остварување на **соработка со Државниот Завод за Ревизија** за релевантноста на ревизорските извештаи кај правните лица од јавен интерес со државен капитал.

Предвидена е меѓуинституционална соработка со Централен регистар на РСМ врз основа на веќе потпишаниот Меморандум за соработка меѓу двете институции.

### *7. Оперативни активности кои произлегуваат од Законскте обврски*

1. Изготвување и донесување на Годишен извештај за работа на Советот за 2021 година;

рок: прв квартал

2. Изготвување и донесување на годишните сметки на Советот за 2021 година;

рок: прв квартал

3. Организирање на TAIEX Работилница „Дефинирање на субјектите на правни лица од јавен интерес во рамките на новиот законот за ревизија„ 25 - 27.01.2022 година;

рок: прв квартал

4. Изготвување на подзаконски акти кои произлегуваат од Новиот закон за ревизија;

рок: континуирано

5. Изготвување на внатрешни Процедури согласно ИСО стандарди за уредување на внатрешните процеси во инстутицијата;

рок: континуирано

6. Изготвување на Правилник за стручно усовршување на вработените во стручната служба на Советот;

рок: трет квартал

7. Изготвување на нов Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места во стручната служба на Советот;

рок: трет квартал

8. Соработка со домашните регулаторни органи, тела и институции преку размена на податоци, информации, искуства и организирање средби со нивни претставници заради унапредување на ревизорската професија во Република Северна Македонија;

рок: континуирано

9. Активно партиципирање во скрининг процесот во Поглавје 6 – Право на трговски друштва како и во делот од Работната група за Реформа во јавна администрација и Јавните финансии, заради зајакнување на кадровските, материјалните и техничките капацитети на стручната служба на Советот

рок: континуирано

10. Зајакнување на веќе воспоставената соработка со странските регулаторни органи, тела и институции од областа на ревизијата и воспоставување соработка со органи од други земји преку актуализирање на активности во веќе потпишани меморандуми за соработка, размена на најдобри искуства и практики заради јакнење и развој на внатрешните капацитети на Советот.

рок: континуирано

11. Интензивирање на активностите за зачленување на Советот во меѓународни организации на регулаторни органи, тела и институции од областа на ревизијата;

рок: континуирано

12. Развој на капацитети на стручната служба за подготовка на проекти за учество во претпристапна помош на ЕУ - IPA III, (TAIEX, TWINNING и TWINNING LIGHT) како и на други грант програми на останатите донатори и програми. Потребно е зајакнување на капацитетите на вработените во Стручната служба во наредниот период, со цел развој на вештини за планирање, пишување, спроведување и оценка на проекти од програмите за грантови на ЕУ, амбасадите и другите донатори во РСМ. Ова би се реализирало преку Обуки и менторска поддршка, преку кои што ќе се обезбедат предуслови за реализација на проекти.

рок: континуирано

13. Следење на постапката за стекнување на звањето ревизор која ја спроведува Институтот на овластени равизори на РСМ;

рок: континуирано

14. Следење на постапката што ја спроведува Институтот за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство;

рок: континуирано

15. Спроведување на постапки за одлучување по барања од физичките и правните лица за издавање на лиценца за овластен ревизор,лиценца за вршење работи на ревизија на друштво за ревизија и лиценца за вршење работи на ревизија на овластен ревизор - трговец поединец, согласно Законот за ревизија;

рок: континуирано

16. Следење на спроведувањето на Програмата за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори, во согласност со најновите достигнувања во професијата.

рок: континуирано

17. Следење на спроведувањето на годишната програма за контрола на квалитет на ревизорските услуги на Институтот;

рок: континуирано

18. Иницирање на постапки по извештаите за контрола на квалитет од Институтот на правните лица кои вршат работи на ревизијата;

рок: континуирано

19. Изрекување на мерки врз основа на мерките изречени од Институтот поради повреда на законската и професионална регулатива;

рок: континуирано

20. Вршење надзор над спроведувањето на контрола на квалитет на овластените ревизори, друштва за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци од страна на Институтот;

рок: континуирано

21. Проверка на извештаите за транспарентност согласно Законот за ревизија;

рок: втор квартал

22. Изготвување на нов Стратешки план на Советот (2023-2025);

рок: континуирано

23. Одржување на округли маси и работилници за актуелни теми од ревизорската област;

рок: втор квартал

24. Давање насоки на Институтот за прашања за кои е надлежен согласно Законот;

рок: континуирано

25. Работни посети на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци, заради согледување на моменталните состојби во ревизорската професија и детектирање на проблемите со кои се соочуваат при работењето согласно претходно донесена Програма за посети на Советот;

рок: континуирано

26. Изготвување на Годишна програма за работа на Советот за 2023 година;

рок: четврт квартал

27. Изготвување на Финансиски план на Советот за 2023 година;

рок: четврт квартал

28. Вршење други активности согласно со Стратешкот план на Советот за 2020-2022 година и новиот Законот за ревизија;

рок: континуирано

## *8. Оперативни активности на Советот поврзани со работата на Институтот*

1. Разгледување и давање согласност на програмата за работа на Институтот за 2022 година;

рок: прв квартал

2. Разгледување на годишниот извештај за работа на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија за 2021 година и давање на согласност;

рок: втор квартал

3. Разгледување и давање согласност на програмата на Институтот за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор;

рок: втор квартал

4. Разгледување и давање согласност на тригодишната и годишната програма за контрола на членовите на Институтот;

рок: трет квартал

5. Разгледување и давање согласност на годишниот извештај на Институтот за наодите од извршените контроли за 2021 година;

рок: трет квартал

6. Анализа на извештаите од извршените контроли на квалитет (поединечни, квартални и годишни), донесување заклучоци и предлагање конкретни активности во насока на унапредување на ревизорската професија во Република Северна Македонија и подобрување на квалитетот на ревизорските услуги;

рок: континуирано

7. Следење на примената на Кодексот на професионалната етика за членовите на Институтот и Меѓународните стандарди за ревизија.

рок: континуирано

8. Следење на примената на општите акти на Институтот и давање предлози за изменување и дополнување на истите;

рок: континуирано

9. Одржување на работни состаноци на членовите на Советот со членовите на Управниот одбор на ИОРРМ, за прашања од заедничко значење за ревизорската професија со цел да се подобри работата на физичките и правните лица кои вршат работи на ревизија.

рок: секои два месеца

10. Организирање на стручни семинари и тркалезни маси, заради сеопфатно унапредување на ревизорската професија во Република Северна Македонија;

рок: континуирано

11. Активно учество на членовите на Советот во комисиите при Институтот;

рок: континуирано

12. Интензивирање на соработката со одделни комисии при Институтот;

рок: континуирано

13. Учество на членовите на Советот на континуираните професионални усовршувања организирани од Институтот;

рок: континуирано

14. Разгледување и давање согласност на Програмата на Институтот за обука на овластени ревизори кои спроведуваат контрола;

рок: четврт квартал

15. Ревидирање на Страшкиот план ,со цел истиот да преставува основа за изготвување на Годишен план за наредната година.

рок: четврт квартал

16. Други активности кои ќе произлезат од надлежностите на Советот од новиот Закон за ревизија

рок: по стапување на сила на новиот Закон за ревизија

### *9. Едукација на Јавноста*

Согласно законските обврски, Советот во 2022 година ќе ја продолжи комуникацијата со јавноста со цел негова континуирана промоција од областа на ревизијата.

Активности: интервјуа, прес конференции, едукации за јавноста, изјави и соопштенија за јавноста во пишани и електронски медиуми, следење на медиумски објави поврзани со Советот и континуирано ажурирање на веб страна.

Годишната програма за работа на Советот влегува во сила со денот на нејзино донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

| | |
|---|---|
| Број 01 - 214 /1<br>31.05.2022 година<br>Скопје | **Претседател на Советот**,<br>**Александар Наумоски** |